ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија,

Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт,

м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и

д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт

ПОВЕРЕНИЦИ: д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и

Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за Договорот за меѓународен патен превоз на стоки (CMR) за електронски товарен лист

Скопје, јануари 2026 година

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за Договорот за меѓународен патен превоз на стоки (CMR) за електронски товарен лист

### Член 1

Се ратификува Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за Договорот за меѓународен патен превоз на стоки (CMR) за електронски товарен лист, усвоен во Женева, на 20 февруари 2008 година.

### Член 2

Дополнителниот протокол од членот 1 од овој закон, во оригинал на англиски и на француски јазик и во превод на македонски јазик, гласи:

Член 3

Министерството за транспорт се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Дополнителниот протокол од членот 1 од овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од  денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна  Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
кон Предлогот на закон за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за Договорот за меѓународен патен превоз на стоки (CMR) за електронски товарен лист

А. Уставна основа за донесување на законот

Уставната основа за донесување на законот што се предлага е содржана во член 68 став 1 алинеја 6 од Уставот на Република Северна Македонија според кој, Собранието на Република Северна Македонија со закон ги ратификува меѓународните договори на Република Северна Македонија.

Б. Причини поради кои се предлага ратификацијата

Конвенција за договор за меѓународен превоз на стоки по пат (CMR) е усвоена и оторена за потпишување на 19 мај 1956 година во Женева под покровителство на Обединетите нации. Конвенцијата CMR претставува единствена правна рамка за патниот транспорт на стоки низ земјите преку граница како стандардизиран пристап кон меѓународниот товар, обезбедувајќи јасност и правна заштита за сите страни вклучени во патниот транспорт. Конвенцијата CMR ги стандардизира правата, одговорностите и обврските на страните вклучени во меѓународниот патен транспорт, вклучувајќи ги испраќачите, превозниците и примачите.

Нашата држава станала договорна страна на Конвенцијата за договор за меѓународен превоз на стоки по пат (CMR) објавена во Додаток на Сл.лист на СФРЈ број 11/1958 преку сукцесија врз основа на Одлука на авладата на РМ од 26 мај 1997 г.

Имајќи предвид дека ефикасноста на товарниот транспорт е клучна за конкурентноста на транспортот на Европската Унија, економијата и функционирањето на внатрешниот пазар, Европската комисија ја поддржа потребата за прифаќање и користење на регулаторни електронски податоци за товарот во текот на транспортот и транспортните операции. Регулативата (ЕУ) 2020/1056 (во натамошниот тек на текстот: eFTI) за електронските регулаторни информации за товарен транспорт има за цел да воспостави електронска размена на регулаторни информации за товарот и создава стимулации за дематеријализирани транспортни документи што треба да се користат меѓу бизнисите и надлежните органи (B2A-Business To Authorities).

Документи што ќе се обработуваат преку eFTI платформите вклучуваат: e-CMR за патен транспорт, e-CIM за железнички, Bill of Lading за поморски, авионски товарен лист за авионски транспорт, како и декларации за опасен товар и еколошка усогласеност. Платформите можат да се базираат на постоечки системи за управување со транспорт (TMS) и ресурси (ERP), но мораат да исполнуваат услови пропишани во изведбените и делегирани акти на ЕУ.

За да може непречено да се имплементира Регулативата (ЕУ) 2020/1056, неопходно е да се ратификува Дополнителниот Протокол кон Конвенцијата за Договорот за меѓународен патен превоз на стоки (CMR) за електронски товарен лист (e-CMR), која е дополнителен протокол кон постоечката Конвенција - Конвенцијата за Договорот за меѓународен патен превоз на стоки (CMR), која ја контекстуализира појавата на информатичко-комуникациските технологии.

Протоколот eCMR е усвоен во 2008 година за да се дигитализира Испратницата-Товарниот лист (Consignment Note) заснована на „хартија“ (CMR), овозможувајќи ги транспортните активности со електронска документација (е-CMR), како и електронска размена на регулаторните информации меѓу транспортните оператори-бизнисот и надлежните државни органи (Business to Authorities-B2A). Испратница-Товарниот Лист (Consignment Note) е формален документ со кој се усогласуваат Општите Услови на Договорот за патен транспорт. Денес, овој транспортен документ може да се претстави во дигитален формат. Ова е познато како „електронски товарен лист“ или „eCMR“. Може да се користи не само како доказ за испорака, туку и како Договор за превоз помеѓу Превозникот, Испраќачот и Шпедитерот.

Протоколот за eCMR е ратификуван од 39 земји, овозможувајќи легална употреба на електронски испратници за меѓународен патен транспорт меѓу овие земји. Листата ги вклучува следните земји: Германија, Ерменија, Австрија, Азербејџан, Белгија, Белорусија, Бугарија, Данска, Словачка, Словенија, Шпанија, Естонија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Иран, Италија, Киргистан, Латвија, Литванија Луксембург Молдавија, Норвешка, Оман, Холандија, Полска, Португалија Обединетото Кралство Чешка, Романија, Русија Шведска Швајцарија, Таџикистан, Туркменистан, Турција, Украина и Узбекистан.

Национални обрзувачки документи за Ратификација на eCMR се:

1. Реформска Агенда 2024-2027. Во овој документ се опишува стратешкиот пристап на Република Северна Македонија за забрзување на фундаменталните реформи за прогресивна интеграција со единствениот пазар на Унијата и социо-економската конвергенција, како и усогласувањето со законите, правилата, стандардите, политиките и практиките на Унијата според општите цели, како што е наведено во член 3 од Регулативата за Инструментот за Реформи и Раст 2024-2027 (ИРР) (наслов на оригиналот: Reform and Growth Facility 2024-2027). Накратко, Реформската агенда ги истакнува заложбите на Република Северна Македонија за успешно спроведување на реформите неопходни за завршување на процесот на европска интеграција.

На 08.11.2023 година, Европската комисија го предложи Инструментот за реформи и раст 2024-2027 (ИРР) (RGF) кој треба да обезбеди клучна поддршка за спроведувањето на новиот План за раст за земјите од Западен Балкан. Инструментот служи како привремена алатка во форма на заеми и грантови што има за цел да се справи со недоволната социо-економска конвергенција меѓу Западниот Балкан и Европската Унија, влошена од економското влијание на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 и руската воена агресија врз Украина. Предвидено е ИРР (RGF) да го поддржи спроведувањето на Реформските агенди (РА) кои идентификуваат сеопфатен пакет на кохерентен и приоритетен збир на таргетирани реформи и области за инвестирање.

2.Во делот на транспортот во контекст на Ратификација на eCMR, е важна Реформата 4.1.7. Распоредување на интелигентен транспортен систем (ИТС) (ITS) и е-товар, односно Чекорот: Ратификување на меѓународната конвенција за патишта (еЦМР) (eCMR) потребна за распоредување на eFTI (јуни 2026 година).

В. Оцена за тоа дали меѓународниот договор бара донесување на нови или измена на важечките закони

Дополнителниот протокол кој се предлага да се ратификува не бара донесување на нови или измена на важечките закони.

Г. Оцена за потребата од ангажирање финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за спроведување на меѓународниот договор.

Спроведувањето на овој Дополнителен протокол нема да предизвика потреба за дополнителни средства во Буџетот на Република Северна Македонија.